Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**
1.	Наслов на наставниот предмет	Дентална патологија
2.	Код	ОХЗДП3
3.	Студиска програма	Студии од I циклус за Стручни стоматолошки сестри - орални хигиенолози
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ-Стоматолошки факултет –Скопје, Катедра по болести на забите и ендодонтот
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Студии од I циклус за Стручни стоматолошки сестри - орални хигиенолози

6.	Академска година / семестар	Година	3	семестар	5
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	7			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Одговорен наставник: проф д-р Соња Апостолска *Во наставата ќе бидат вклучени сите наставници од катедрата			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	ислушани сите задолжителни предмети од трета година и положени сите задолжителни предмети од втора година			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Студентот да стекне основни познавања за оштетувањата на тврдите забни ткива (кариес) и нивната терапија, инструменти, основни познавања за морфологијата на ендодонтскиот простор, заболувањата на пулпата и иригансите и инструментите потребни за ендодонтската терапија. Стекнување знаења како се поставува и отстранува кофердам, да ги познава сите фази на работа во реставративната и ендодонтската терапија и активно да учествува со терапевтот во комплетната стоматолошка работа (четворорачна стоматологија),асистенција при дијагностички и терапевтски процедури во ендодонтскиот третман. Почитување на стандардите за стерилизација, асепса и хигиена во стоматолошка пракса, да учествува во обуката на пациентите за намалувањето на ризикот од кариес. Стекнатите знаења од теоретската и практична настава ќе му овозможат на студентот да биде целосно подготвен за професионална работа и асистенција во соработка со стоматологот при стоматолошките интервенции.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	-Запознавање со видовите заболувања и нивното значење 2 Дентален кариес – дефиниција, етиологија и патогенеза класификации на кариозните лезии, клиничка слика и предилекциони места за развој на кариесот (во рамките на знаењата на оралниот хигиенолог) Резултат од учење: Оралниот хигиенолог ќе го разбира настанувањето на кариес, препознава стадиумите и симптомите, знае предилекционите места на појава и дава совети за превенција -Подготовка на работен простор и материјали 2 Резултат од учење: студентот/орален хигиенолог ќе биде способен да: го подготви работниот простор според протоколи за реставративна интервенција, ги распознае и подготви потребните инструменти за различни типови на реставрација, обезбеди стерилни услови и спречи контаминација, правилно и навремено меша материјали за реставрација, според насоки од стоматологот, асистира ефикасно при интервенцијата и поставувањето на реставративен материјал -Асистирање при стоматолошки интервенции 2 Резултат од учење: Работа со "четири раце" за време на реставративни зафати, аспирирање и одржување на суво работно поле (изолација),помага при апликација на адхезивни системи и материјали и подавање на инструменти и материјали навремено,ги знае основите на естетика и анатомија на забите, работа со фотополимеризирачка лампа. - Комуникација и едукација на пациентот 2 Резултат од учење: објаснување на процедурата и нејзината важност за здравјето на забите,давање упатства за нега на реставрирани заби, објаснување на можни постоперативни симптоми и кога да се јави повторно. -Водење на документација, здравствени картони и основни компјутерски вештини 2 Резултат од учење: запишување на употребените материјали и методи во пациентската евиденција, следење на состојбата на реставрациите при контролни прегледи, потсетување за редовни прегледи и			

			професионално чистење.
			- Стерилизација и асептични услови 4 Резултат од учење: применување на стандардни протоколи за стерилизација на инструменти (автоклавирање, хемиска стерилизација) -Подготовка на пациентот и работен простор во ендодонцијата Резултат од учење: подготовка на работната површина, стерилизација на инструменти и материјали (ендодонтски сетови, игли, гутаперка, пасти и др.), обезбедување на стерилни услови: изолација на забот со кофердам, обезбедување стерилност за време на целата процедура, подготовка на пациентот: објаснување на процедурата - Асистирање за време на интервенцијата при ендодонтски третман 2 Резултат од учење: Поддршка за стоматологот со асистирање при чистење и обликување на коренските канали, изолација со кофердам - помагање во поставување кофердам за создавање суво и чисто работно поле, подготовка и подавање, набириганси, гутаперка, пасти за полнење и други потребни материјали и аспирација и контрола на течности со одржување на работното поле суво преку употреба на аспиратор. -Контрола на инфекцијата 2 Резултат од учење:одржување на стерилна средина во ординацијата и работа според протоколите за антисепса,,подготовка и стерилизација на ендодонтски инструменти. - Инструменти во ендодонцијата 2 Резултат од учење: Студентот ќе може да ги идентификува, класифицира и правилно подготви основните ендодонтски инструменти, како и да објасни нивната намена и примена во различни фази од ендодонтскиот третман. -Ириганси во ендодонцијата 2 Резултат од учење: Разбере улогата на оралниот хигиенолог при ендодонтските третмани, вклучувајќи ги задачите за асистирање и примената на техники за иригација**. п**рипрема на различни ириганси за чистење и дезинфекција на коренските канали. -Апарати во ендодонција 2 Резултат од учење: студентот ќе биде способен да користи специфична група на апарати и инструменти кои служат за дијагностика, третман и следење на заболувања на забната пулпа и коренските канали. - Медицинска документација во ендодонцијата 2 Резултат од учење: јасни и точно евидентирани информации за третманите, дијагнозата, прогресот на пациентите и резултатите од ендодонтските процедури. -Клиничка примена на материјали за привремено полнење на коренските канали 2 Резултат од учење: да ги припрема соодветните медикаменти и материјали во ендодонската терапија,познавање на видовите материјали (антибиотици, кортикостероиди, антисептици, МТА, биодентин) - Ендодонтска терапија на биоматеријали во ендодонцијата 2 Резултат од учење:разбирање и примена на биоактивни материјали за оптурација на коренските канали.
			Вкупно: .....*30 часа* ***Практична настава-вежби*** **-** Вовед во реставративна стоматологија и ендодонција 1 **-** Подготовка на работен простор и стоматолошки инструменти 1 - Медицинска документација 1

		- Подготовка на пациентот за стоматолошки третман (поставување на заштитна облека, употреба на кофердам). 1 - Подготовка ,чистење и стерилизација на стоматолошки инструменти 3 - Инструменти во ендодонцијата 2 - Припрема на иригански -Видови матрици 1 -Припрема на медикаменти иматеријали 2 - Работа со "четири раце" за време на реставративни зафати и ендодонтска терапија 2 ***Вкупно .....15 часа***			
13	Заемна поврзаност на предметите	Поврзаност со Стоматолошки материјали			
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	студентите ќе имаат можност да стекнат конкретни вештини за работата во стоматолошка ординација, како и употребата на апарати и инструменти во секојдневната пракса.			
15.	Вкупен расположив фонд на време	**210 часа**			
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	**30 часа**	
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	**15 часа**	
		16.3.	Пракса: часови	**60 часа**	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови		
		17.2.	Самостојни задачи: часови	**30 часа**	
		17.3.	Домашно учење – задачи	**75 часа**	
18	Услови за потпис				
19	Начин на оценување				
	19.1.	Тестови: бодови		1 колоквиум - **20 бода** 2 колоквиум - **20 бода**	
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		**10 бода**	
	19.3.	Завршен испит: бодови		**50 бода**	
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 59 бода	5 (пет) (F)	
			од 60 до 68 бода	6 (шест) (E)	
			од 69 до 76 бода	7 (седум) (D)	
			од 77 до 84 бода	8 (осум) (C)	
			од 85 до 92 бода	9 (девет) (B)	
			од 93 до 100 бода	10 (десет) (A)	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Самоевалуација од страна студентите, контрола на асистентите во изведување на практичната настава и проценка на постигнатиот успех на студентите, како и проодноста на студентите кои го положиле предметот			
22.	Литература				
	22.1.	Задолжителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Поповска Лидија	Претклиничка кариологија	Стоматолошки факултет Скопје	2014

		2.	Апостолска Соња,Ренџова Василка	Ендодонција	Апостолска Соња,Ренџова Василка	2014
		3.				
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	А. Демиен Валмсли и сор.	Реставративна стоматологија	Арс Ламина ДОО	2011
		2.				
		3.				